# Проект на терминал за гас на Viva Energy



Viva Energy бара одобрение да изгради терминал за гас во рафинеријата во Џилонг. Терминалот за гас ќе прифаќа природен гас во течна состојба (Liquefied Natural Gas - LNG) од различни локации во Австралија и во странство, за да се одбегне недостигот од гас што се очекува во југозападна Австралија.

## Проектот на терминал за гас на Viva Energy вклучува:

### Пловечки терминал за гас

Брод во кој е сместен LNG и се претвора назад во природен гас.

### Продолжување на докот на рафинеријата

За да се сместат бродовите со LNG и да се закотви пловечкиот терминал за гас, сегашниот док ќе биде продолжен за околу 570 метри. За да се овозможи бродовите да се закотват и свртат, ќе биде потребно локализирано ископување на морското дно.

### Постројка за процесирање

За да се исполнат австралиските спецификации за гас, сиот гас што влегува преку нашиот терминал ќе минува низ постројка за процесирање, лоцирана во кругот на рафинеријата. Низ тој процес, на гасот ќе му биде додадена мирислива состојка која на гасот ќе му дава карактеристична миризба.

### Нов гасовод

За пренос на гасот ќе биде изграден гасовод долг 6,5 километри. Околу 2,5 километри од гасоводот ќе бидат над земја и лоцирани на докот и во кругот на рафинеријата. Околу четири километри ќе бидат под земја и во рамките на постоечките коридори за гасовод.

## Поглед од воздух




Прелиминарна концепциска слика, не е во размер

### Што е природен гас?

Природен гас е гас што е природно се создал и се состои главно од метан.

### Што е LNG?

LNG или природен гас трансформиран во течна состојба е природен гас во течна форма. Гасот е претворен во течна состојба преку процес на ладење. Во течна состојба гасот може полесно да се превезе таму каде што е потребен. Потоа, со загревање, тој се претвора назад во гас и се користи.

### Како гасот ќе се користи?

Гасот е извор на енергија за греење, готвење, производство на електрична струја, производство и за индустријата.

Секоја година Викторија користи околу 200 петаџули гас, што е околу 18% од потрошувачката на гас во Австралија.

Се предвидува дека до зимата 2023 година во југоисточна Австралија ќе има недостиг од гас.



**Ако имате прашања или повратни информации ве молиме контактирајте не́ на:**

1800 515 093
energyhub@vivaenergy.com.au
vivaenergy.com.au/gas-terminal

VIVA Energy Australia